АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11-09-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3920 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 31 август 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 септември 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор извршен по службена должност врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 31 август 2017 година, на државно ниво, е **констатирано прекршување на начелото од член 61 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Во изданието на дневно-информативната емисија „Дневен бриф на Нова", емитувано на 31 август 2017 година, во периодот од 19:00 до 19:39 часот, Телевизија Нова го прекрши начелото на пресумпција на невиност. Имено, во прилогот *„Обвинителен акт против гинекологот кој презентирал лажна бременост на пациентка"* (19:18:26-19:20:56), во контекст на покренатото обвинение против гинеколог од Скопје кој лажел 40-годишна пациентка дека е бремена, ТВ Нова објавува дека станува збор за „Гинекологот монструм Николче Дамчевски", со што го открива неговиот идентитет и однапред го осудува.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 61 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** во изданието на дневно-информативната емисија „Дневен бриф на Нова", емитувано на 31 август 2017 година, во периодот од 19:00 до 19:39 часот, во прилогот *„Обвинителен акт против гинекологот кој презентирал лажна бременост на пациентка"*, Телевизија Нова го прекрши начелото на пресумпција на невиност.

**9. Предлог-мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, дека во дневно-информативната емисија „Дневен бриф на Нова", емитувана на 31 август 2017 година, во прилогот со наслов *„Обвинителен акт против гинекологот кој презентирал лажна бременост на пациентка"*, го прекрши начелото пропишано во член 61 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кое се однесува на пресумпцијата на невиност.

***Сектор за програмски работи***